КАМ доо е најголем синџир на маркети во Македонија кој ги применува основните принципи на хард дисконт: Висок квалитет и постојано ниски цени. Присутни сме во три земји со повеќе од 100 продавници, а успехот на компанијата го обезбедуваат 1.200 вработени кои посветено и професионално ја извршуваат својата работа.

Со цел проширување на тимот во **сектор транспорт**, бараме личност која ќе се придружи на нашиот тим на работна позиција:

## СОРАБОТНИК ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА СТОКА

**Ваши задачи:**

- Дефинирање на транспортниот план, организација на транспортот на планираните количини стока со минимални трошоци, простор и работна сила;
- Планирање на транспортни рути во софтвер и учество во оптимизација на процесите
- Изработување на извештаи за продуктивност и ефикасност на транспортните тури
- Изработување на правилници и процедури за условите под кои се транспортира стоката;
- Изработување на правилници за употреба, одржување и безбедност на средствата во возниот парк;
- Утврдување на норми за искористеност на возилата, потрошувачката на гориво и контрола на исполнувањето на утврдените норми;
- Утврдување на нормативи за потребните трошкови за гориво и користење на возилата по барање на останатите сектори;
- Вршење контрола на исправноста и хигената на возилата;
- Организирање на регистрација, осигурување и баждарење на возилата;
- Вршење контрола и оценка на перфомансите на возачите;
- Останати обврски по налог на претпоставено лице од делокругот на работење

**Вашиот профил:**

- ВСС (предност имаат кандидатите со Бизнис-логистика и Економија)
- Предност ќе имаат кандидати со мин. 5 години работно искуство во областа
- Одлично познавање на најчесто користени софтверски решенија - напредно познавање на Excel и англиски јазик
- Јаки организациски, комуникациски вештини, можност за работа со рокови и под притисок
- Силно развиени аналитички способности, навремено и прецизно анализирање и известување
- Одлични интерперсонални и комуникациски способности, пишани и усни, за ефикасна интеракција со персоналот и другите сектори.
- Возачка дозвола –Б категорија

**Ние Ви нудиме:**

- Предвидена атрактивна плата + дополнителен бонус, зависно од успешноста во извршувањето на работните задачи;
- Обемно воведување во работата со обука која ветува напредок и успех во работата. Интензивно ќе бидете обучувани од ментор и ќе се запознаете со инструменти кои подоцна ќе Ви бидат потребни при самостојно извршувањето на Вашите деловни задачи
- Регрес,речиси 3 пати поголем од законски пропишаниот
- Бонус за препорачан пријател за работа
- Слободен ден за роденден
- Платено колективно осигурување
- Ваучер за склучен брак
- Ваучер за спортска опрема
- Картичка за спорт
- Пакет за новороденче
- Училишен пакет производи
- Пакет производи за верски празници согласно вероисповест
- Попуст за одмор во хотелот „Вилиџ" во Охрид
- Работа во интернационална компанија, динамично работење исполнето со новипредизвици и можности за стекнување нови искуства, вештини и напредување во кариерата.

Доколку сте во потрага за нови професионални предизвици, мотивирани и подготвени за нови успеси, испратете персонална биографија (CV) на следната адреса: КАМ ДОО Персонален оддел ул. 35 бр.39, 1041 Илинден или на e-mail: personal@kam.mk

Апликација за работа можете да испратите и преку нашата нова интернет страница

web: **www.kam.com.mk**

Изборот ќе се изврши во рок од 15 или 30 дена во зависност од бројот на пристигнати апликации.
Само кандидатите кои ги исполнуваат условите ќе влезат во потесниот избор и ќе бидат контактирани.